АСОЦИЈАЦИЈА ЗА НЕФОРМАЛНА ЕДУКАЦИЈА НА РОМИ
“РОМСКА СОЛЗА“
ПРИЛЕП
Тел: +389 ( 0 ) 48 428 417
Факс: +389 ( 0 ) 48 428 417
email:romskasolza@yahoo.com
Ул: Дабничка бр: 53
Прилеп
Република Македонија

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА

# ,,Ромскиот информативен центар“

# ПРИЛЕП 2009

**Изработиле:**
**Тефик Џемаилоски**
**Бедишан Фератоска**

Во Прилеп општо познато е дека Ромите ја преставува најсиромашната малцинска заедница со најголем број на невработени. Клучните прашања се сиромаштијата и исклучувањето од општественото живеење, живеат во длабока сиромаштија и нивните куќи, бараки, се изградени на периферијата односно на излезот од град Прилеп. Мал е бројот на образовани и кафаливикувани кој што можат да бидат конкурентни на пазарот на трудот што пак резултира во понизок стандарт на живеење. Имаат ограничени можности за излес од сиромаштијата поради нискиот човечки развој и долгорочната дискриминација, сиромашно здраство и ограничени можности за учество во социјалниот и политичкиот живот. Токму затоа за оваа проблематика со која што се соочуват ромите се отворија Ромски информативни центри за Ромите кои треба да излезат во пресрет на специфичните потреби поблеми со кои се соочува оваа етничка заедница. Со самото отворање на РИЦ – Прилеп граѓаните имаат потреба да постои овој Ромски информативен центар бидејќи РИЦ – Прилеп за граѓаните преставува мост помеѓу нив и институциите, за таа цел овој центар секој дневно е посетуван од страна на граѓаните со нивни барања. РИЦ со искуството од терен и познавањето на проблемите на Ромската заедница во населбата Тризла 2 секогаш се стреми кон решавање и подобрување на проблемите од оваа заедница . Со досегашната работа персоналот на РИЦ има стекнато доверба и добра комуникација со граѓаните и институциите и затоа е препознатлив по тоа што РИЦ центарот работи за нив.

Персоналот прави обиди на најсоодветен начин да помага и го решава дадениот проблем на граѓанинот. Во зависност од проблемот, персоналот контактира со соодветната институција по телефон, во повеќе наврати персоналот настапува и со директни средби за заедничко разрешување на проблемот со вработените од институциите.

Центарот за социјални работи – Прилеп односно вработените од оваа институција со вработените од РИЦ- Прилеп имаат изградено соработка на високо ниво за таа цел соработката се однесува на тоа покрај заедничкото решавање на дадени проблеми на Ромската заедница барањата и изјавите кои што треба да бидат заверени на нотар, персоналот им ги подготвува барањата и изјавите без да ги завери на нотар во договор со директорката и вработените од ЦСР – Прилеп. Барањата и изјавите се однесуваат за остварување или продолжување на социјална парична помош.

Персоналот на РИЦ – Прилеп во текот на оваа година работеше на следните активности:

**Јануари 2009**

РИЦ Прилеп – покрај редовната работа со граѓаните односно Ромската популација и давањето на совети во текот на овој месец прибираше податоци од институциите со цел да се види состојбата на Ромите како резултира во институциите кои што добиените резултатите би биле насока за следни активности на РИЦ – Прилеп.

- **Податоци од институции;**

**Вкупно пријавени Роми во заводот за вработување според образовен статус: Од 31.12.2008 година**

| Образовен статус | Вкупно |
|---|---|
| Неквалививикувани | 1692 |
| Средно образование четврти степен | 30 |
| Средно образование трет степен | 16 |
| **Вкупно** | **1738** |

**Извештај од Центарот за Социјални работи - Прилеп за корисници на Социјална парична помош од Ромската популација од 31.12.2008 година**

| КОРИСНИЦИ | БРОЈ НА КОРИСНИЦИ |
|---|---|
| Корисници на Социјална парична помош | 823 |
| Корисници на постојана парична помош | 39 |
| Корисници на туѓа нега | 38 |
| Корисници на посебен додаток | 46 |
| Вкупно | **943** |

**Податоци за ученици Роми од средните училишта во Прилеп од учебната година 2008/09:**

| Име на училиштето | Број на ученици |
|---|---|
| ДСУ. Ристе Ристески Ричко - Индустриско | 20 |
| ДСУ. Ѓорче Петров | 41 |
| ДСУ. Кузман Јосивоски - Питу | 2 |
| ДСУ. Ореде Чопела | 18 |
| ДСУ. Мирче Ацев - Гимназија | 1 |
| Вкупно | 82 |

**Податоци за ученици Роми во прва година од средните училишта во Прилеп од учебната година 2008/09:**

| **Училиште** | **Смер** | **Број на ученици** |
|---|---|---|
| Орде Чопела | Оптика | 1 |
| | Хемиско прехрабени техничари | 6 |
| Ѓорче Петров | Медицинско | 1 |
| | Козметичко | 1 |
| | Фризер | 1 |
| | Конфекциски техничари | 4 |
| | Дрвен Смер | 3 |
| Вкупно: | | **17** |

- **Средби со раководители на Фирмите „Рони Коланд“ – Прилеп за производство на Чорапи и „А-Етерники“ – Прилеп конфекциска фирма;**

Персоналот на РИЦ – Прилеп со претходна најава одржа средба со раководителите на фирми кои што работат во Прилеп. Персоналот направи презентација на проектот за работодавци од МТСП- Скопје. Целта на овој состанок се однесуваше на тоа да ги запознаеме работодавците за проектот и да видеме дали се заинтересирани за идна соработка. Од страна на работодавците ни беше потенцирано дека нивната работа во моментов е во незавидна состојба што значи дека не можат да планираат подолгорочно.

**<u>Февруар 2009</u>**

- **Посета до конфекциска фирма „КОМФИ Ангел“ - Прилеп;**

  Персоналот на РИЦ – Прилеп со претходна најава одржа средба со раководител на фирмата која што работи во Прилеп. Персоналот направи презентација на проектот за работодавци од МТСП- Скопје. Целта на овој состанок се однесуваше на тоа да го запознаеме работодавецот за проектот и да видеме дали се заинтересирани за идна соработка. После нашата презентација работодавецот се изјасни дека во моментот не може да прифати такво нешто затоа што влијае глобалната светска криза и дека бројот на работници зависи од потребата. Останува работодавецот да го известиме кога ќе се објави конкурсот преку Агенцијата за вработување.

- **Средба на Градоначалникот со НВОи Ромски;**

  Соработката со институциите и Невладините организации е значајна за работата на РИЦ –Прилеп персоналот на канцеларијата на РИЦ во континуитет остварува индивидуални и групни состаноци како со преставници од локалните институции така и со НВОи. Еден од тие состаноци беше и состанокот во Мултикултурниот центар во Прилеп заедно со господинот Градоначалник Марјан Ристески. Целта на овој состанок беше преставување на вработениот ром како Референт за етничките заедници. Во своето излагање Ромот потенцира дека сака заеднички да делуваме во заедницата онаму каде што има проблеми.
  На овој состанок Ромските НВОи му предложија на градоначалникот да Ромските НВОи бидат дел од програмата на Локалната самоуправа за финасиска поддршка за решавање на проблемите од Ромската заедница.

- **Средба на преставници од МТСП со раководители на Фирми;**

На ден 12.02.2009 година во просториите на АНЕР „Ромска Солза“ и РИЦ Прилеп се одржа презентација на проектот од МТСП- Скопје за работодавци за вработување на Роми. Присутни на оваа средба беа преставници од МТСП Г-ѓа Мабера Камбери, Денис Дурмиш, Срѓан Рушит.
Персоналот на РИЦ Прилеп за оваа средба покани шест фирми од кои присутна беше само една а другите по телефон го оправадаа нивното недоаѓање. Овој состанок го отвори госпоѓа Мабера Камбери и направи презентација на проектот потоа им отстапи простор да го каже мислењето раководителот на фирмата „Рони Коланд“-Прилеп. Раководителот на фирмата направи презентација на неговата фирма и е заинтересиран за овој проект и ке го чека конкурсот на МТСП кои што треба да се објави кон крајот на месец Април или почетокот на месец Мај.

**Март**

- **Лобирање и застапување на Ромско семејство за обезбедување на дом;**

Во текот на овој месец персоналот на РИЦ во соработка со Центарот за социјални работи подготви барање до Министерството за труд и социјална политика (МТСП) за Ромско семејство кои што брои шест члена. Ова семејство остана без покрив над главата затоа што во бараката каде што живеат ги бркаат. Персоналот на РИЦ разговараше со социјалниот работник и Директорката за да му се обезбеди дом на ова Ромско семејство. Целта на барањето кои што е испратено до МТСП е да се доделат финансиски средства за да му се изгради импровизиран дом на ова семејство. Персоналот се договори со Директорката додека да се одобрат финансиските средства, персоналот на ова семејство да му најде куќа под наем

а наемот за куќата , струја и вода, да плаќа Центарот за социјални работи. Персоналот е секојдневно во контакт со ова семејство и со центарот за социјални работи.

- **Посредување на случаеви во Прилеп - Битола, и ФПИОМ;**

Соработката со РИЦ – Битола се состоеше за посредување помеѓу РИЦ и Центарот за социјални работи Прилеп- Битола. Во просториите на РИЦ Прилеп помош и совет побара Ромка која што беше мажена во Битола и користеше социјална парична помош заедно со нејзиното семејство. Ромката моментално е разведена и живее со нејзините деца во Прилеп. Од наша страна беше побарано да посредиме за да може да користи социјална парична помош во Прилеп. Персоналот на РИЦ – Прилеп стапи во контакт со вработени од центарот за социјални работи во Битола и разговараше за решавање на овој проблем. Потоа персоналот разговараше и со колегите од РИЦ – Битола за да подготват изјава дека не живее повеќе во Битола за да може да ја одјават односно повеќе да не користи социјална парична помош во Битола. Од страна на вработените бевме известени дека во првата недела од Април ќе биде испратено решението кое што ќе послужи за аплицирање на Ромката во центарот за социјални работи – Прилеп.

Од страна на граѓанин беше побарано да посредиме со комисијата за оцена за работна способност при ФПИОМ- Скопје. Според поканата граѓанинот требаше да се јави на ден 25.03.2009 година во оваа комисија во Скопје, но човекот не е во можност да отиде на прегледот затоа што е неподвижен односно инвалид. Персоналот стапи во контакт со вработена на оваа комисија и исто така испрати и барање до оваа комисија за да комисијата го посети дома овој човек. Од оваа комисија нашето барање го одобри да тие го посетат човекот.

- **Прибирање на податоци за децата без матични броеви од О.У. Добре Јованоски – Прилеп;**

  РИЦ – персоналот е во постојан контакт со раководителите на институциите и ги следи промените и потребите на Ромската заедница. Во овој случај се однесува на децата кои што се ученици во О.У. Добре Јованоски и од било која причина немаат матични броеви во дневникот. Персоналот одржа средба со Директорката и педагогот од ова училиште и се договривме да сами ги земеме податоците од дневниците и да работиме на терен да видеме која е причината за немање на документација на учениците . Персоналот во текот на овој месец работеше на терен и стапи во контакт со дел од семејствата кои што беа на списокот од училиштето кои што немаат документи. Дел од овие смејства немаа информација дека треба да однесат извод на родените во училиштето за нивното дете, а исто така некои ученици воопшто не се пријавени во матичната книга на родените, и некои родители за децата немаат извод на родените. За овие проблеми АНЕР „ Ромска Солза“ – Прилеп преку проектот **“Социјално вклучување и пристап до човековите права на Ромите, Ашкалиите, и Египјаните во Западен Балкан“** кој што е подржан од Европската комисија доделен на ИЦГО од страна на преставништвото на УНХЦР во Скопје, АНЕР „ Ромска Солза“ – Прилеп на овие семејства ќе

им обезбеди лична документација. Тимот на АНЕР „ Ромска Солза“ – Прилеп ќе продолжи да работи на терен и во текот на месец Април ќе има дефинирани податоци.

- **Учество на трибина во Локалната Самоуправа;**

На 03.03.2009 година информаторите беа поканети на трибина за образование на тема: „Еднаков пристап до квалитетно образование за Ромите“ место на одржување: Големата сала на општина Прилеп. Модератори на оваа трибина беа Назиктере Сулејмани, советник во сектор за основно и средно образование во Министерство за образование и наука на РМ, Нада Стоименова, советник во сектор за основно и средно образование во Министерство за образование и наука на РМ,
Марјан Матракоски советник по образование од Локалната Самоуправа – Прилеп, преставници од Националниот Ромски Центар – Куманово, Диерктори, педагози од основните училишта од градовите: Битола, Прилеп, Кавадарци, Ресен. На оваа трибина се разговараше на следните теми: Образованието и Локалната Самоуправа-Предизвици во имплементација на закони, политики и планови во однос на вклучување на Ромските деца во образованието. Втора точка на дневниот ред беше препораки и заклучоци од извештајот на Институтот отворено општество / EU Monitoring and Advocacy Program „ Еднаков пристап до квалитетно образование на Ромите“
На оваа трибина се даваа предлози за решавање а тоа се следните:

-Едуцирање на родителите за значењето на образованието и неговата важност.

-Вклучување на социјалните работници во напредувањето на Ромите ученици.

-Дооформување на образованието на постарата генерација

-Превоз на ученици кои што се со посебни потреби до училиштето

На оваа трибина директорите се изјаснија и за проблемите на Ромите а тоа се:

-Преселување од еден град во друг,

-Осипаноста на учениците Роми,

-Домување на Ромските семејства (инфраструктурен проблем)

-Децата питачи

-Дискриминација на не ромските родители кон ромските деца

( запишување на македонските деца во други училишта каде што нема Роми) во О.У. Ѓорги Сугарев – Битола

-Злоупотреба на детски труд од страна на родителите

- **Средба со раководителот за граѓански состојби од Полицисkата станица – Прилеп**

  АНЕР „Ромска Солза“ – Прилеп со претходна најава одржа средба со раководител за граѓански состојби. Целта на овој состанок беше да договориме како заеднички да ги решаваме проблемите кои што се појавуваат од Ромската заедница. Дел на вработените од матичното одделние не им беше јасно односно не знаеа дека лицата кои што се социјални корисници се ослободени од административни такси. Со раководителката и директорката од ЦСРдоговоривме како да течи овој процес без да има препреки. Со раководителката се разговараше и за децата кои што се родени во домашни услови. АНЕР „Ромска Солза“ – Прилеп на раководителката и даде објаснување како да се реши овој проблем. Персоналот стапи во контакт во Министерството за внатрешни работи односно со началничката Надица за да им ја објасни процедурата за заведување на децата кои што се родени во домашни услови.

<u>**Април**</u>

- **Лобирање за Ромско семејство за сместување во Дом за бездомници;**

Персоналот од месец Март лобира во Центарот за Социјални работи односно кај директорката и социјалните работници за да се обезбеди покрив за едно шест члено ромско семејство. Од центарот за социјални работи ветуваа финансиски средства за да се изгради импровизиран дом, и средства за помош на ова семејство. Директорката и социјалниот работник после сето ова ветување ги избегнуваа сите одговорности за решавање на овој проблем. Персоналот на РИЦ-Прилеп на неколку наврати разговараше и се советуваше со Г-ѓа Мабера Камбери за да обезбеди место на ова семејство во дом за бездомници Чичево. После сите овие интервенции од персонлот кои што следеа истовремено и во МТСП и Центарот за Социјални работи на ова семејство му се обезбеди место во домот Чичево- Скопје.

- **Работа на терен;**

Персоналот и тимот на АНЕР „ Ромска Солза“ – Прилеп во текот на месец Март и Април работеше на терен и стапи во контакт со семејствата кои што беа на списокот од училиштето кои што немаат документи. Дел од овие семејства немаа информација дека треба да однесат извод на родените во училиштето за нивните деца . Семејствата беа известени од персоналот дека треба да однесат ИМКР во училиштето, а исто така некои деца воопшто не се пријавени во матичната книга на родените на овие семејства АНЕР „Ромска Солза“- Прилеп ќе прави обиди што е можно во поскоро време да се решат ваквите случаеви. Од податоците кои што се земени од терен 5% од децата ученици од прво до осмо одделение не одат на училиште. Тимот разговараше со родителите на децата кои што не одат

на училиште дел од нивните одговори беше немањето на финасиски средства, интересот на децата и нивните необразовани родителите, итн.

- **Лобирање за еднократна парична помош;**

Персоналот од единаесети месец 2008 година се залагаше за решавање на проблем за Ромка која што правото на здраствено лекување и социјалната парична помош ја изгуби затоа што поради неисполнување на обврските од договорот од страна на работодавачот Агенцијата за вработување на Р.Македонија Центар за вработување – Прилеп го раскина договорот со конкретната фирма и со тоа престана работниот однос. Поради судски спор со работодавачот кој што ја задржуваше работната книшка не беше одјавена односно се водеше како вработена и не можеше да го остварува правото за здраствено осигурување .
Персоналот подготви жалба до Државен инспекторат за труд- Скопје за да повторно се пријави Ромката. Од месец Март Ромката повторно се пријавува во Агенцијата за вработување како невработена. Персоналот во текот на овој месец во Центарот за социјални работи лобираше кај директорката и кај вработените од оваа институција кои што се во комисијата за еднократна. Ромката на секои три месеци ќе добива еднократна парична помош се додека не се реши проблемот за да може повторно да аплицира за социјална парична помош.

- **Средба со раководителката од одделот за лична документација во Полициската станица – Прилеп;**

За ослободување од административната такса персоналот со претходен договор со вработените од СВР- Прилеп се договори да се доставуват уверенија за лицата од центарот за социјални работи како доказ дека се социјални корисници.Од центарот за социјални работи издаваат уверенија за носителот на социјалната парична помош додека не и за соуживателите.
Тимот на АНЕР „ Ромска Солза" - Прилеп им дава услуги и на соуживателите а не само на носителите и заради ова персоналот на ваквите лица не може да ги ослободи од административни такси. За овој проблем персоналот разговраше со директорката од центарот за социјални работи од каде што добивме одговор и образложение дека на уверението мора да стои носителот на социјалната парична помош исто како и на чекот од социјалната парична помош. Со директорката се договоривме соуживателите да бидат наведени во уверението. Другиот проблем кој што се јавува за ослободување од административната такса е копија на уверението.Од центарот за социјални работи за едно семејство даваат едно уверение а додека асистентот на повеќе лица од семејството им обезбедува лична документација. Покрај овој проблем со раководителката на одделот за лична документација се соочуваме и со проблемот на нестручност на вработените од овој оддел за решавње на проблемот на децата кои што не се заведени во матичната книга на родените. Со раководителката се сретнавме да ги усогласиме нашите искуства за да можеме да го решиме овој проблем .

- **Средба со советникот на градоначалникот на О. Прилеп;**

По завршувањето на локалните избори се одреди Ром за советник на градоначалникот по Ромски прашања. Советникот првата активност ја направи со нас односно не повика да разговара за Ромските проблеми. На оваа средба се разговараше на актуелните и индивидуални проблеми на Ромска заедница за заедничо решавање на дадените проблеми и превземање на активности.

**Мај**

Ромскиот информативен центар во континуитет продлолжува со работење на потребата на граѓаните на дадени ситуации и проблеми на ромската заедница. Персоналот кај Ромското население ја има стекнато довербата неколку години предходно покрај тоа што тимот на РИЦ – Прилеп излегува на терен и работи со целната група и вработените од институциите за да си ги олеснат своите работни задачи. Ромите ги препраќат во нашата канцеларија. РИЦ – Прилеп е во постојан контакт со вработените од институциите и прибира од нив информации кои што се во корист на Ромската заедница.

Ромите за решавање на нивните проблеми единствената надеж ја наоѓаат во Ромските здруженија односно во Ромскиот информативен центар.

Персоналот секојдневно пополнува формулари, подготвува барања, жалби, изјави, до различни институции за различни проблеми во текот на овој месец персоналот работеше на следните активности:

Ромите поради својата социо- економска состојба не се во можност да ги платат сметките кои што секој месец му ги доставуваат во своите домови. Претпријатијата на ваквите семејства покрај тужбите за неплатени сметки граѓаните се препуштени на извршител како казнена мерка. Персоналот по барање на граѓаните во текот на овој месец подгови барања до „EVN“-Македонија АД - Скопје КЕЦ Прилеп, „Водовод и Канализација“, Прилеп, и до ЈКП „Комуналец“ – Прилеп со образложение да се ололободат од финансиските средства кои што ги должи на наведените препријатија затоа што се социјални корисници.

Персоналот во текот на овој месец во населба Тризла односно на учениците од осмо одделение до трета година средно им достави информација, на споменатите ученици Роми кои што се социјални случаеви да достават во Центарот за социјални работи – Прилеп потврди за редовен ученик затоа што ќе се доделуваат на овие ученици стимулативни средства.

Како што е погоре наведено РИЦ канцеларијата е единствена надеж на Ромското население. Роми кои што се корисници на постојана парична помош во текот на месец Март добиваат позитивно решение а во месец Април добиваат негативно решение. Вработената од Центарот за социјални работи на Ромите не сакаше да има даде обаснување зошто така се случува. Ромите се обратија во нашата канцеларија и побараа помош и совет за решавање на нивниот проблем. Персоналот стапи во контакт со одреденото лице од погоре наведената институција и разговараше за дадениот проблем од таму ни дадоа информација дека не е обновена постојаната парична помош. Персоналот им даде до знаење на службениците дека доукментите беа доставени предходниот месец на нејзиниот

колега додека таа беше на одмор. Проблемот во сиот овој случај беше затоа што колегите кои што се во една канцеларија не биле во добар однос меѓусебно. По лобирањето на персоналот документите се доставија кај личноста кој што е одговорна и повторно да може да се користи постојана парична помош.

- **Јавни огласи;**

РИЦ – Прилеп во текот на месец Мај ги извести Ромските граѓани од населба Тризла. Персоналот ги извести за четири проекти за вработување кои што произлегуваат од оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2009 година.
Во јавниот оглас кој што беше објавен на 07.05.2009 година се повикуваа сите невработени млади лица до 27 годишна возраст кои своето вработување сакаат да го решат со **Самовработување.** Финансиската подршка за оваа активна мерка опфаќа исплатана на неповратна помош за набавка на опрема и репроматеријали во висина од 185 000 денари и помош во трошоците за регистрација на фирмата.
На истиот датум 07.05.2009 година беше објавен јавен оглас до невработени лица кој што своето вработување сакаат да го решат со **Формализирање на веќе постоечки бизниси** Финансиската подршка за оваа активна мерка е иста како и за огласот за **Самовработување.**
За овие огласи заинтересираните крајниот рок за поднесување на пријави беше 22.05.2009 година. Персоналот за овие јавни огласи кога се објавија беше на разговор со одредени лица на овие проекти од Агенцијата за вработување – Прилеп за заеднички да се спроведи информацијата и активноста. Од раководителката на оваа институција добивме одобрување за истите огласи кои што се истакнати во Агенцијата за вработување – Прилеп да бидат истакнати и во Ромската населба за информирање на Ромското население и вклучување во овие проекти на владата. Персоналот после завршувањето на крајниот рок на пријави повторно одржа средба со службеник од погоре наведената институција за да се провери колку Роми аплицирале за овие два проекти, од нивна страна ни беше дадена информација дека на овие прокети не се пријавил ниту еден Ром. Ромите за овие проекти се обраќаа во канцеларијата на РИЦ – Прилеп и ги интересираше нешто повеќе од тоа што беше истакнато како оглас. Персоналот на ваквите лица им даваше мотив да се пријават и воспоставуваше контакт со вработени од Агенцијата и ги препраќаше Ромите во Агенцијата за вработување. После дадената информација од страна на службениците од Агенцијата персоналот беше збунет.

Во текот на истиот месец односно на 14.5.2009 година од страна на Агенцијата за вработување на Р.Македонија се објави јавен оглас до сите заинтересирани работодавачи и кои што имат потреба, да вработат Самохрани родители, брачни парови со три или повеќе деца, родители на деца со посебни потреби, и постари лица од 55 до 64 години. Работодавачот кој ќе вработи лица од погоре наведената целна група ќе ги задржи на работа најмалку 18 месеци, ќе добие финансиска поддржка за исплата на нето плата и законски пропишани придонеси

во износ од 22500 денари месечно за едно лице за период од првите 6 месеци, средства од буџетотна РМ.
Персоналот за јавниот оглас беше во постојан контакт со одредено лице на овој проект од Агенцијата за вработување – Прилеп и следеше како се одвиваше ситуацијата се до крајниот рок на доставувањето на пријавите. На овој проект се пријавија 151 апликација вкупно. Од страна на вработените на оваа институција не можеа да ни дадат информација односно не знаеа колку Роми имаат аплицирано на овој проект затоа што не прават таква поделба на апликациите. Персоналот за овој проект пополни десет пријави, персоналот ги извести Ромите кои што се од оваа целна група за да аплициират на овој проект.

Последниот оглас кој што беше објавен на 26.05.2009 година на кој што работеше активно персоналот на РИЦ – Прилеп, беше јавниот оглас до работодавачи за вработување на Роми кои што имаат завршено најмалку осмо одделение. Персоналот за овој проекет на владата исто така стапи во контакт со лица од Агенцијата за вработување- Прилеп за консултација за превземајње на понатамошни активности. Персоналот како и во предходниот период стапи во контакт со раководители на фирми кои што се активни во Прилеп и ги извести за овој проект и исто така им објасни дека треба да се јават на овој оглас дека е потребно да се обратат во Агенцијата за вработување – Прилеп. Покрај оваа персоналот одржа средба и со раководителот на Стопанската комора за пелагонискиот регион. На овој состанок персоналот со раководителот на оваа институција се договори да го извести бизнис секторот за овој оглас. Раководителот на оваа институција го извести бизнис секторот во Прилеп, а на меил ни испрати на кои фирми ги има известено. По завршувањето на овој оглас персоналот се обрати во Агенцијата за вработување за имаме информација колку фирми се пријавиле на овој оглас. Од страна на службеникот ни беше дадена информација дека на огласот се јавила само една фирма „Рони Коланд“- Прилеп.Во месец Февруари на истиот проект РИЦ – Прилеп правеше презентација по фирмите и имаше состаноци со раководители се со цел да има поголема заинтересираност. На ден 12.02.2009 година во просториите на АНЕР „Ромска Солза“- Прилеп се одрша презентација на проектот од МТСП- Скопје за работодавци за вработување на Роми. Присутни на оваа средба беа преставници од МТСП :Мабера Камбери, Денис Дурмиш, Срѓан Рушит. АНЕР „Ромска Солза“ и РИЦ. На оваа средба беа поканети повеќе фирми од кои што присутна беше само „Рони Коланд“-Прилеп а додека другите своето недоаѓање го оправдаа на телефон. Раководителот од Стопанската комора ни даде за инфрмација дека погоре наведените проекти на работдавците им се по поволни и затао не се многу заинтересирани за овој проект.

Сите погоре наведени јавни огласи беа објавени во Локалното Ромско радио „Тернипе“ - Прилеп

- **Средба со советникот по Образование во Локалната Самоуправа;**

Персоналот во текот на овој месец одржа средба со советникот по Образование во Локалната Самоуправа. Целта на оваа средба беше да се договори состанок по завршувањето на учебната година за Ромските деца кои што ќе завршат осмо одделение. Целта на овој состанок е да се направи професионална ориентација на Ромските ученици и да се даде поддршка и мотивација за запишување на учениците Роми во средните училишта. Советникот ја поддржа активноста и ќе направи се во своите надлежности да има Роми во сите струки кои што ги има во нашиот град.

- **Средба со Директорката од О.У. Добре Јованоски;**

Во текот на овој месец персоналот на РИЦ – Прилеп и тимот на АНЕР „Ромска Солза“ – Прилеп го достави извештајот во О.У. Добре Јованоски за Ромските деца кои што се ученици на ова основно училиште а имаат проблем со личната документација. За оваа цел покрај писмено и на оваа средба на директорката и се објасни ситуацијата за секоје дете поединечно и за решението кое што го има АНЕР „Ромска Солза“ – Прилеп. На оваа средба се разгледуваа и анкетите кои што беа спроведени во училиштето. Од анкетите можеше да се види колку ученици имаат можност за повторување на истата година, нивната заинтересираност за понатамошно школување итн. Бидејќи анкетите покажуваа лоши резултати АНЕР „Ромска Солза“ – Прилеп по завршувањето на учебната година ќе одржи средба со завршените осмо одделеници за нивно професионално ориентирање.

- **Средба со Раководител на Фондот за здраствено осигурување;**

АНЕР „Ромска Солза“ – Прилеп и РИЦ- Прилеп со претходна најава одржа средба со раководител на Фондот за здраствено осигурување Целта на овој состанок беше презентација на РИЦ програмата, затоа што раководителката е нова во оваа институција. Персоналот исто така и објасни како предходно и со надеж за во иднина да се решаваат дадените проблеми кои што се појавуват на Ромската заедница. На оваа средба беше присутна и правничката од оваа институција кои што од самото отварање на овој центар соработува со РИЦ – Прилеп.

- **Обука во просториите на АНЕР „Ромска Солза“ – Прилеп;**

Во просториите на АНЕР „Ромска Солза“ и РИЦ - Прилеп се одржа обука за лична документација. На оваа средба присутни беа преставници од Информативен Центар за граѓанско општество – Скопје , Баирска Светлина – Битола. На оваа обука за лична документација кој што беше организирана за асистентите кои што работат на проектот од УНХЦР се разговараше за конкретни случаеви од Прилеп и Битола за нивно решавање, и се разменуваа искуства од градовите за да полесно во иднина се решаваат дадените проблеми.

**<u>Јуни</u>**

- **Средба со локалните институции од Прилеп во однос за личната документација;**

  На ден 12.06.2009 година РИЦ – Прилеп и АНЕР „Ромска Солза“ – Прилеп организираа средба во големата сала во Локална Самоуправа – Прилеп со инстуции кои што се инволвирани во решавањето на проблемот на Ромската популација во однос со личната документација. Присутни на оваа средба беа:

  - Советник на градоначалникот за Ромски прашања
  - Претставник од Здраствен дом Прилеп
  - Раководител на Министерство за правада – подрачно одделение Прилеп
  - Медицинска сестра за предшколска вакцина
  - Преставници од НВОи Ромски
  - Претставници од О.У. Добре Јованоски
  - Претставник од Детско одделение Градска Болница – Прилеп
  - Совеник по образование – Локална Самоуправа – Прилеп
  - Преставници од Инфрмативниот центар за граѓанско општество -Скопје

    На оваа средба се разговараше за сегменти од делот на недостатокот на личната документација кај Ромската популација, потоа имаше некои предлози од присутните како да се решат тие недостатоци.Од страна на присутните се потенцираа случаеви со кои што се срекаваат службеници во институциите со Ромската популација.Целта на оваа средба беше да се направи размена на искуства преку примери за решавање на погоре споменатиот проблем.

- **Средба во просториите на АНЕР „Ромска Солза“ – Прилеп со потенцијални средношколци;**

  На ден 18.06.2009 година во просторите на РИЦ – Прилеп и АНЕР „Ромска Солза“ – Прилеп персоналот организира средба со потенцијалните средношколци за професионална ориентација. На оваа средба присутен беше Г-дин Марјан Матракоски советник по образование од Локалната Самоуправа – Прилеп каде што на присутните им се направи презентација на сите смерови од средните училишта. На учениците Роми им беше разгледуван нивниот успех за да може да им се помогне во нивното запишување. Целта на оваа средба беше да се опфатат сите Ромски ученици кои што завршија основно образование да се запишат во средно образование. Во Прилеп од вкупно 42 ученици основно образование завршија 34 ученици додека 8 го повторија класот. Во двата уписа се запишаа 27 ученици. РИЦ – Прилеп во следниот период ќе стапи во контакт со останатите ученици кои не се запишани за да ги запиши во средните училишта.

**<u>Јули</u>**

- **Средба со Ромски родители за учество во родителски совет;**

На состанокот присуствуваа претседателката на Советот на родители на основното училиште Добре Јованоски, членови на советот на родители, и мајки на деца кои учат во училиптето но не се во составот на училишниот совет. На состанокот се разговараше за:
Проблемите во училиштето од кои се утврди дека најголемите проблеми кои го нарушуват имиџот на училиштето се:

- Делењето на децата по националност и богаство
- Неадекватно формирање на паралелките, со делење на Роми и македонци
- Неадекватен однос на наставниците кон одделни ученици
- Неадекватно оценување
- Општествено омаловажување на Ромите

Сите лични примери и гледишта на проблемите доведуват до таква ситуација да „не се гледа шумата од дрвата“. Доаѓаме до заклучок дека појдовната точка на сите овие проблеми кои се од различна природа е ЛОШАТА АТМОСФЕРА во училиштето која всушност е причината на проблемите.

Советот на родители има надлежности пропишани со закон за образование кои што едвај се користат. Најголем проблем кои се јавува во советот е незаинтересираноста на родителите да присуствуват, да бидат активни на средбите на советот, и да придонесат колку што можат повеќе за сопствените деца. Она што е договорено е да се одржи вондреден состанок на советот на кои ќе се даде предлог за разрешување на членови од советот кои што не оправдано отсуствуваат на повеќе од половината од состаноците.

Бројот на состаноци кои се одржуват годишно е многу мал, за нешто да се постигне. Родителите се изјаснија дека се согласуват со тоа да се одржуват состаноци барем еднаш месечно.

Ромските деца се застапени повеќе од 60% во однос на македонските деца во училиштето, а бројката на Роми во советот е многу мала, иако е пропишано во статутот да има еднаков број на Роми и македонци во советот.

Исто така број на жени и мажи Роми во советот значително се разликува. Има доста жени Ромки копи можат да бидат членови во советот, да бидат активни и да се залагаат за своите деца.

На овој состанок се договоривме да формираме комисии или сектори во советот на родители (кои е доста голем) кои ќе работат посебно на својата проблематика и тоа:

- Комисија за дисциплина
- Комисија за Образование
- Комисија за Воспитание
- Комисија за Безбедност
- Комисија за Здраство и хигена
- Комисија за Изработка на проекти
- Комисија за Имплементација и контрола
- Комисија за Информирање
- Комисија за Правна комисија
- Комисија за култура

Работата на овие комисии одделно би помагало за Советот на родители да биде поефикасен во спроведувањето на задачите и планирањето на следните активности, со што значително би се олеснила и поедноставила нивната работа со што автоматски би биле поефикасни.

Присутните се согласија со погоре кажаното и како додаток на ова имаа некои предлози кои што би се предложиле на редовните состаноци како на пример родителите на волонтерска основа да се вклучат во вонаставните активности на учениците , или при пишувањето на домашните кај децата чии родители не умеат да им помагаат кај одделни предмети и сл.

**Август**

Во текот на овој месец персоналот беше поканет на локалната телевизија „Визија“ во емисијата „Разговор со повод“. Темата на оваа телевизиска емисија беше за „Ромите и образованието“ . На оваа емисија од страна на персоналот беше објаснато што преставува Ромската декада и кои активности се превземат од страна на државата во однос на образованието, исто така во текот на емисјата се разговараше за ситуацијата на Ромските ученици и нивните услови во кои што живеат. Исто така беше потенцирано и за условите во основното училиште Добре Јованоски- Прилеп каде што 80% од учениците се од Ромската популација.

- **Средба со родители;**

Во текот на овој месец персоналот одржа дебатна средба со Родители (македонци) кои што учествуваат во Родителскиот совет. Целта на оваа средба беше да се видат кои се плановите на преседателот на советот и кои активности ги имаат планирано за оваа година. Како што беше напоменато и во претходниот месец персоналот прави напори да во училишниот совет вметни поголем број на Ромски родители и тоа лица кои што можат да придонесат. На оваа средба се разговараше за одржување на обука на родителите за правење на проекти со тоа што ќе можат да придонесат во училиштето каде што се образоваат нивните деца.

- **Средба со раководител од ФЗО**

  Во текот на овој месец персоналот одржа средба со раководителката од Фондот за здраствено осигурување. Целта на оваа средба беше да персоналот се информира подобро за измените во здраството.
  Поголемиот дел од разговорот се одвиваше за невработените кои што треба да направат презаверка на здраствените книшки. Персоналот поставуваше прашања во однос на тоа на која група на луѓе имаат потреба за презаверка на книшките, кои документи се потребни, дали документи со поминат рок ќе бидат прифатени.
  Од страна на раководителката ни беше објаснато за сите погоре наведени прашања.

**<u>Септември</u>**

Во Прилеп голем број од Ромското население работи со продавање на дрва односно Ромите дрвата ги сообираат од планините во Прилепско и ги продаваат за да можат да обезбедат храна за своите семејства. Но собирањето на дрва е законско и Ромите се соочуваат со големи проблеми со Шумската полиција. Во текот на овој месец во канцеларијата се обратија лица од Ромска популација кој што се занимаваат со продавање на дрва. Нивното барање беше да им подготвиме жалби до Основниот суд – Прилеп затоа што имаа казни во висина од 600 до 1000 евра во денарска против вредност. Нивното објаснување беше дека се свесни дека работат нешто што е против законот но што да прават кога нема што друго да работат а имаат жени и деца.

Ромската непименост се искористува максимално од другите националности. Во овој случај се искористува Ром кој што е лице со лесен хендихеп. Ромот каде што работи газдата не му давал плата за два месеци одработени а веќе ромот тековно си работел и следниот месец. Ромот одлучил да даде отказ а истовремено газдата да му плати за сработеното. Газдата му рекол дека ќе му ги исплати но прво треба да му се потпише на некаков празен лист Ромот не се сложил и му рекол дека не можам, ќе дојдам за да ти кажам дали ќе се потпишам. Ромот се обрати во нашата канцеларија за совет и помош, од наша страна му беше кажано да не се потпишува на тој лист затоа што подоцна може да напише било што газдата на истиот лист и да се искористи твојот потпис. Персоналот неколку пати се обиде да стапи во контакт со сопственикот но не

можеше. Ромот постапи како што му кажавме и по извесно време му беше исплатено на Ромот.

Во текот на овој месец НВО Информативен Центар за граѓанско општество –Скопје побара од страна на персоналот на РИЦ – Прилеп да му обезбеди документи за Ромка која што е родена во Прилеп а е мажена во Скопје. На Ромката документите и беа потребни за добивање на социјален стан во Скопје. Персоналот ја искористи својата доверба и почит во институциите и ги обезбеди потребните документи на Ромката и уредно беа испратени.

Од Центарот за социјални работи – Битола вработен од оваа установа се јави да соработуваме во врска за Ромка која што е ментално пореметена и е жител на Прилеп која што постојано, односно секојдневно патува на релација Прилеп-Битола и обратно. Ром кој што е вработен во оваа установа успеал да и овозможи да користи Социална парична помош во Битола. Но во изминатиов период овој предмет од стана на комисијата од оваа установа овој предмет беше решен како неоснован затоа што не е жител на Битола и го прекинаа правото на користење. Персоналот на РИЦ- Прилеп побара од страна на Центарот во Битола документацијата кој што ја има од Ромката да ја испрати кај нас се со цел персоналот да и овозоможи на Ромката да користи социјална парична помош во Прилеп.

Ромите средношколци се обратија во нашата канцеларија да не известат и да побараат совет затоа што директорите од средните училишта во Прилеп на учениците му побара да платат финансиски средства. На учениците кои што не немаат да платат им беше кажано дека не можат да направат упис. Персоналот стапи во контакт со советникот по образование од Л.С Прилеп и со директорот на управата за унапредување на јазиците од Министерството за образование и наука (МОН). Од нив добивме одговор дека Министерството за образование и наука нема испратено допис во училиштата за да директорите не баарат финансиски средства би било која основа и ако на медиумите и од страна на министерот на МОН беше кажано дека оштете за компјутерите нема да се плаќа.

Во Центарот за социјални работи – Прилеп директорката од оваа установа забрани издавање на лична документација која што ќе му послужи на граѓаните пред другите институции. Персоналот со разбирање кон Ромската популација за немање на финансиски средства за да обезбедат нова лична документација, перосналот со службено барање ги зема од Центарот документите ги копира и ги услужува граѓаните од Ромската популација.

**<u>Октомври</u>**

- **Средба со раководител на одделението за странци**

Во нашата канцеларија се обрати Ром за помош околу вадење на лична документација . Персоналот во разгледувањето на старата документација увиде дека Ромот има проблем со регулирање на македонското државјанство . Родителите на Ромот се македонски државјани , Ромот е роден во Виена Австрија, во преписот го ставиле Ромот како државјанин на Р. Србија-Црна Гора. Персоналот за овој случај одржа средба со раководителот на одделението за странци, раководителот на граѓански состојби и со матичното одделение. Персоналот на присутните им го објасни случајот и истовремено се побара да се разгледа зошто Ромот е државјанин на друга држава и ако има направено препис во Прилеп и живее во Р. Македонија. По разгледувањето на случајот и проверката на старите документи не можеа да ни објаснат зошто е тоа така. Персоналот во моментот документацијата ја има испратено во Информативен Центар за граѓанско општество – Скопје за да го достават предметот во МВР-Скопје да се провери предметот се со цел да се реши затоа што Ромот е семеен човек и му треба документација.

- **Средба со социјални работници**

Персоналот согледувајќи ги потребите така и пристапува кон нивно решавање. Во текот на овој месец персоналот имаше средба со тим од Центарот за социјални работи – Прилеп кои што работат со Ромски семејства. На оваа средба се разговараше за децата и нивните семејства кои што питачат и исто така за оние лица кои немаат лична документација. Тимот од ЦСР на персоналот му достави список со лица кои што не се запишани во матичната книга на родените. Персоналот заедно со тимот го разгледуваше и на дел од лицата од списокот веќе персоналот им имаше обезбедено лична документација. На оваа средба персоналот со тимот се договори заедно да работат на терен и ги решат проблемите со ваквите семејства.

## <u>НОЕМВРИ</u>

Во текот на овој месец канцеларијата на РИЦ - Прилеп беше посетена од голем број на граѓани. Ромската популација секојдневно наидува на различни проблеми и различни потреби и ако нивните потреби ги има во правната регулатива во ова држава.
Секој дневно се случува дел од Ромите и ако имаат одредени права истите да не можат да ги остварат. Ромската популација не си ги знае правата односно има проблем со својата лична документација, голем број исто така немаат здраствена легитимација. Во нашата канцеларија се обратија граѓани за помош затоа што во Градската болница им бараат здраствена легитимација за да можат да ги прегледат без тоа да им биде приватно наплатено. Овие граѓани се на возраст од 18 до 25 години, со овој проблем се соочуваат затоа што не знаат дека кога ќе имаат осумнаесет години треба да се пријават во Агенцијата за невработени лица и да бидат лични осигуреници за да немаат проблем со своето здраствено лекување.

Повеќето од овие лица немаат и лични карти и при тоа не можат да имаат ни здраствена легитимација. Тимот на овие лица им пружи правен совет и им помога финансиски при остварување на овие права. За дел од овие случаеви персоналот одржа и средба со раководителот на Фондот за здраствено лекување за да стапи во контакт со раководителите од градската болница за да може на пациентите да им биде пружена соодветната помош додека се обезбеди потребната документација.
Персоналот со граѓаните разговара и прашува каков е односот на вработените во институциите и дали им се објаснуваат процедурите за нивните потреби. Од нивните одговори не можеме да бидеме задоволни затоа што со самото доаѓање во нашата канцеларија тоа и се потврдува. Единствената и последната надеж за остварувања на нивните права е нашата канцеларија.
Со самото доѓање на зимскиот период Ромите се соочуват со посериозен проблем, во текот на овој месец персоналот пополни голем број на формулари за еднократна парична помош до Центарот за социјална парична помош. Целта на овие барања е обезбедување на огрев за зимскиот период, храна, облека за нивните деца кои што се ученици, за одредени прегледи кои што изнесуваат повеќе од илјада денари.
Поројните дождови кои што ја зафатија нашата држава лошо се одрази на ромската популација, на десет семејства од населбата Тризла – 2 им се оштетија куќите доволно за да им се нарушат условите за живеење во тие куќи. Персоналот стапи во контакт со вработени од Локалната самоуправа за помош на овие семејства. Од нивнат страна беше посочено да се подготват за секое лице барање до „Комисијата за елементарни непогоди“ од каде што ќе им биде доделена парична помош. Со до завршувањето на овој извештај немаме известување дали им се има доделено финансиски средства на овие граѓани. Од ова можеме да заклучиме Ромите какви градби имаат и колку се сигурни нивните куќи за живеење.
Мрежата на РИЦ кој што делува во Р.Македонија им е од голема помош на граѓаните.Семејство кој што е од гостивар а пред извесно време се пресели во Прилеп имаше потреба за добивање на потврда од Агенцијата за вработување- Гостивар за да може да оствари право на Социјална парична помош во Прилеп. Персоналот на РИЦ – Прилеп стапи во контакт со лицата од РИЦ – Гостивар каде што им беше побарана помош . Несебично колегите од Гостивар ни ја обезбедија потврдата и ни ја испратија од каде што од наша страна беше доставена до семејството.

Тимот на РИЦ е препознатлив во институциите и таа препознатливозт ја искористува се со цел да им помогне на Ромската популација. Персоналот на граѓани кои што се хендикеп и имаат здраствени проблеми, знаењи дека не можат да чекат на ред да го остварат своето право им помогна со тоа што на здраствените книшки им направи презаверка во Фондот за здраствено осигурување без тие да одат во оваа институција.

- **Разговор со началникот за имунизација**

Персоналот од месец Март оваа година активно соработува со одделението за имунизација од Прилеп. Ова одделение на РИЦ персоналот им достави список на лица кои што не се вакцинирани а нивниот курир не може да ги извести затоа што не може да ги најде. Персоналот активно на терен работеше и ги извести сите кои што беа на списокот. Персоналот во текот на овој месец одржа средба со раководителот на ова одделение да се види колку од известените се обратиле да ги вакцинират нивните деца. Бројката не беше задоволителна и персоналот ќе продолжи да работи со родителите кои што нивните деца ги немаат вакцинирано односно не сакаат да ги вакцинираат.

- **Средба со министерот Неждет Мустафа**

На ден 09.11.2009 година во посета на основното училиште О.У. Добре јованоски Прилеп беше Министерот без Ресор Г-дин. Неждет Мустафа.
Присутни на оваа средба беа советникот по образование од Локалната Самоуправа – Прилеп Г- дин Марјан Матракоски, директорката на училиштето Г-ѓа Виолета Лашкоска, РИЦ- Прилеп и Ромски НВО од Прилеп.
Целта на посетата на Министерот без ресор Неждет Мустафа е да се видат условите во кои учат ромските деца и да се видат проблемите со кои се соочуваат ромски деца во текот на својот образовен процес.
На средбата министерот без ресор Неждет Мустафа ги слушна проблемите со кои се соочуваат ромските деца, односно пречките за нередовноста на ромските деца, а исто така направи и обиколка низ училниците во училиштето.
Министерот без ресор Неждет Мустафа вотекот на разговорот со присутните темата за ромското прашање во општината Прилеп, дојде до заклучок дека потребно е пред се да се има:

- факултативна настава на ромски јазик ;
- да се подигне свеста кај родителите за важноста на образованието преку дооформување на образованието ;
- да им се решат инфраструктурните проблеми (асфалтирање на улици како и поставување на водоводна и канализациона мрежа)
- решавање на проблемот со превозот (на повеќето од децата училиштето им е далеку, децата зимно време немаат соодветна облека)

Од негова страна исто така беа потенцирани проблемите на Ромите кои што живеат во лоши супстандардни услови, импровизирани куќи, картонски куќи итн

Во Прилеп министерот вети дека овој проблем наскоро ќе се реши со тоа што на сите Роми ќе им го реши станбеното прашање и Ромите ќе живеат во типски куќи и ќе изгради типски населби.

**<u>Декември</u>**

РИЦ персоналот интензивно во континуитет работи за потребата на граѓаните од ромската заедница . Ромите го гледаат овој центар како што велат самите тие **„институција за решавање на нивните проблеми“** . Ваквото мислење го има секој  Ром од град Прилеп бидејки секојдневно РИЦ персоналот пополнува и подготвува формулари, барања, жалби,  изјави , тужби , подготвува извештаи до центрите за социјални работи за посвоени деца од граѓани, посредува со други центри за социјални работи од општините во регионот за  клиенти , дава совети од сите области на нивните проблеми и др. Покрај тоа што тимот на РИЦ –Прилеп работи во канцеларија излегува и  на терен . Целта на работењето на  терен е да ги мониторира и согледува проблемите и потребите на граѓаните од населбата Тризла 2- Прилеп. Во текот на овој месец се направија неколку излегувања на терен од каде што персоналот идентификува многу проблеми на граѓаните . А тие проблеми се од областа на домувањето, социјални проблеми , инфраструктурни проблеми,  комунални проблеми , вработување и други проблеми. РИЦ т.е. персоналот од ваквото мониторирање на терен доби целосна слика дека Ромите од оваа населба се наоѓаат на многу низок ред и дека се соочуваат со голема сиромаштија . Каде е виновникот , кој е виновен за сето ова се поставува прашањето. Зошто е тоа така, а одговорот го знае само персоналот на РИЦ – Прилеп и  АНЕР Ромска Солза . Не само што во текот на овој месец се направија неколку мониторирања и идентификувања на проблеми туку и РИЦ Персоналот се соочува со овие проблеми во  канцеларијата затоа што секој дневно има барања од граѓаните. Ромите од оваа населба немаат таканаречен  „**Лидер на заедницата“**  кој што ке ги решава или споменува проблемите на Ромите на седници во локална самоуправа – Прилеп, влада или на некои формирани комисии на локално и национално ниво. За разлика од другите градови во Македонија каде што живеат роми, Ромите од Прилеп  се со понизок социјален статус. Локалната самоуправа – Прилеп и Владата не обрнува доволно внимание за овие граѓани и никогаш не се споменуваат на седниците проблемите на Ромите од Тризла 2. На ваквите седници секогаш пратениците спомнуваат проблеми од друг општествен карактер од било за кој дел од градот  само не за населбата Тризла- 2 Прилеп. Како би се решило ова кој може да помогне за овој град и за овие граѓани.Одговорот на овие прашања сигурно нема да го добиеме но апелираме до Владата да се погрижат за овие граѓани од овој град и да им се обрне внимание  а во иднина  што повеќе да има вклученост на Роми пратеници од градот Прилеп за да можат да ги пренесуваат проблемите на ромската заедница од оваа населба . Затоа поради овој голем проблем што го има Ромската Заедница , РИЦ – Прилеп за граѓаните претставува мост односно поврзаност меѓу нив и институциите за решавање на нивните проблеми и потреби.

- **Помош и совети на граѓани**

Ромите во Прилеп живеат во населба Тризла -2 кој што поголемиот дел е неурбанизиран. Голем број на Роми немат пристап до соодветно домување, живеат во уништени куќи или бараки кои што воопшто не се во добра состојба за нормално живеење. Овој проблем со домувањето тешко може на своја рака да го решат затоа што нивната социо-економска состојба е многу лоша, некои лица не земаат ни социјална парична помош, затоа што немаат соодветна документација за да можат да имаат лична карта бројот на едно домаќинство на вквите лица се движи од пет до седум членови, бројка што не е за занемарување. Овие семејства немаат тоалет, бања. Во ново изградената населба каде што Ромите живееат исклучиво само во импровизирани куќи ( изградени од картони, тенекии, алишта и др.) Овие граѓани постојано се обраќаат во нашата канцеларија и бараат финансиски средства за да можат да ја подобрат сликата на својот дом односно да овозможат дом каде што ќе можат да спијат кога има невреме. Во претходниот извештај наведовме дека на голем број на Роми му се оштетија нивните домови од невремето кој што ја зафати нашата држава.

Нерешените инфраструктурни проблеми и минималните услови за живот,односно неасфалтираните улици, немањето на канализација, постоењето на полски клозети и фекалии по улица, стоечките води преставуваат извор на заразни болести. Поради горе наведените проблеми , кај населението од населбата се појавуваат најразлични болести (кожни и заразни болести) Населбата Тризла 2 е водечка во појавата на заразни и кожни болести во однос на другите населби во општина Прилеп. Поголемиот дел од жителите се здраствено осигурани (имат плави картони) но иста така има дел од жителите кој што од најразлични причини немаат здраствено осигурување.
Во канцеларијата постојано се побарува помош финансиски за да можат да си ги платат прегледите и услугите во градската болница. И ако овие лица имаат здрраствено осигурување сепак за нив финансиските средства кои што се побаруваат од нив не се во можност да ги платат па најчесто нивните здраствени легитимации ги задржуваат во болница. Овој проблем најчесто се решава со еднократна парична помош од Центарот за Социјални работи – Прилеп.

- **Средба со државниот инспекторат од МОН И родители од Родителски совет при о.у. Добре Јованоски**

Персоналот во текот на овој месец одржа средба во о.у. Добре Јованоски со државниот инспекторат на МОН и родители од родителскиот совет . На оваа средба се зборуваше за проблемите на учениците Роми, колку родители Роми учествуваат во Родителскиот совет за сегрегацијата на децата македонци, како наставниците се однесуваат со децата , како предаваат наставниците, дали има факултативна настава за ромски јазик и др. Од оваа средба се залкучи дека многу повеке треба да се работи во ова училиште и да се потикнат македонските родителите да не прават сегрегација на своите деца.

- **Средба со социјален Работник**

Со предходна најава персоналот на РИЦ – Прилеп одржа средба со социјален работник кој што соработува со персоналот на РИЦ во однос на Ромските проблеми. Во канцеларијата се обратија за помош Роми кои што имаа недоразбирање со вработените од Центарот за социјални работи – Прилеп за остварување на правото за социјална парична помош. На крајот од оваа средба беше договорено сите случаеви повторно да се разгледат со можност за нивно позитивно решавање.

- **Разговор со социјални работници и директорката на ЦСР**

Дел од Ромите од Прилеп кој што живеат во населбата Тризла – 2 немаат соодветна документација за нивните градби. Персоналот врз основа на барањата на граѓаните и разгледување на нивниот проблем одржа средба со директорката на Центарот за Социјални работи и вработени од оваа институција. Персоналот побара од оваа институција да ни даде адреса на живеење затоа што овој центар има куќа кој што е во нивна сопственост. Адресата ни е потребна да можеме да извадеме лична документација на овие семејства и да можат да ги остварат своите права како и сите други граѓани од ова држава. Од оваа установа добивме решение со број на парцела за да обезбедиме документ од катастар.

- **Акционен план за вработување – Прилеп**

  Кон крајот на месец декември 2009 год, беше работилницата организирана од страна на МТСП за креирање на Локални Акциони планови за вработување на Роми која беше организирана во период од 21-23 декември 2009 год во Хотел Алпина Маврово.Целта на работилницата беше да се креираат Локални Акциони планови за вработување за градовите Прилеп - Битола.

  Учество во работилницата зедоа и преставници на локалната самоуправа, советот на општините, Агенцијата за вработување и преставниците на РИЦовите од Прилеп - Битола. На оваа работилница во предвид беа земени локалните акциони планови од општините кои што ги имаше креирано Локалната самоуправа од овие општини. Според согласноста на оваа работилница од страна на преставниците од Локалната самоуправа се очекува да се усвојат на совет овие акциони планови и да се почне во текот на оваа година со реализирање на активности.

**Периодичен табеларен приказ РИЦ Прилеп**

| **Вид на помош** | **Дата/ Услов** | **Локација на која е пружена услугата** (Град/Село) | **Број на барања / консул тации** | **Број на организ ации/гру пи/инди видуи** | **Вид на организации/г рупи** (НВОи, органи за социјани услуги, итн.) | **Тема** (збирна/сумар на листа на теми и проблеми) | **Метод** (Личен, по телефон, по пошта, по е-маил, по интернет, итн.) | **Коментари** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Подготвени и помогнато во поднесување на барања, изјави потврди, жалби, молби, приговори, пополнување на формулари и др.** | Јануари-Декември 2009 година | Прилеп | **1109** | **1042** | МВР- Прилеп, Центар за социјални работи-Прилеп, Агенција за вработување Фонд за здраствено осигурување и др. | | Лични средби, телефон-факс, писма | Тука се опфатени барања, и известувања и др по барање на странките исто така известување за различни семејства и индивидуи по различен основ |
| **Информации и совети наменети за заедницата на Роми и за страните кои се директно или индиректно засегнати за потребите и проблемите на ромската заедница** | Јануари-Декември 2009 година | Прилеп | **217** | **1600** | НВО Прилеп, Центар за социјална работа Прилеп Завод за вработување Прилеп, Фонд за здраствено осигурување. Локална самоуправа Прилеп, МТСП – Скопје , Центар за | Информации и Совети За Ромската Заедница | Лични средби Телефон - факс | Размена на разновидни информации и совети според барањата на клиентите персоналот,институции |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | социјални работи- Прилеп, МВР- Прилеп. Ромска Заедница | | | |
| **Одржани состаноци со раководители на институции,** | Јануари- Декември 2009 година | Прилеп | **37** | | | Потреба на Ромската заедница | Лично | |
| **Поканет РИЦ персоналот на Јавни настани** | Јануари- Декември 2009 година | Прилеп | **7** | | | Организирање на работилници, дебати, презентации, ткалезни маси, хепенинзи, идр. | / | |
| **Посета на вработени од институции во РИЦ канцеларијата.** | Јануари- Декември 2009 година | Прилеп | **5** | | | Агенција за вработување, Центар за Социлани работи , Локална Само управа, Полициска станица- Прилеп, Преставници на Меѓународни | / | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | организации, Градоначалник на град Прилеп, Медицински Центар | | |
| **Вкупен број** | | | **1375** | **2642** | | | | |